## СЕДУМНАЕСЕТТИ МЕЃУНАРОДЕН ВИЗАНТОЛОШКИ КОНГРЕС

Од 3—8 август 1986 година во Вашингтон, САД, се одржа XVII Меѓународен византолошки конгрес. Во името на Меѓународната асоцијација на византолошките студии Конгресот го организира домаќинот: Националниот византолошки комитет на САД. Во работата на Конгресот зедоа учество околу 600 учесници од сите континенти на светот. Работата на Конгресот се одвиваше во просториите на Универзитетот Џорџтаун и во познатиот светски византолошки центар Дамбартон Оукс, во Вашингтон.

На XVII Меѓународен византолошки конгрес во Вашингтон за разлика од претходните конгреси СФР Југославија, ја претставуваа мал број претставници — 10, од кои 3 од СР Македонија. Единствената причина за тоа беше материјалната страна: необезбедувањето во одделните социјалистички републики и покраини на потребните средства. За тоа некои пријавени учесници во последниот момент го откажаа своето учество на Конгресот. Тоа пак придонесе југословенските претставници (за разлика од претходниот конгрес кој се одржа 1981 година во Виена) на Конгресот во Вашингтон да бидат некомпактни и организирани.

Со подготовките за учество на XVII Меѓународен византолошки конгрес во Вашингтон раководеше Југословенскиот византолошки комитет во кој членуваат претставници од сите републики и покраини. СР Македонија ја претставуваа професорите д-р Бранко Панов и д-р Петар Миљковиќ — Пепек, првиот делегиран од Сојузот на друштвата на историчарите на СРМ, а вториот од МАНУ.

Македонските претставници в Југословенскиот византолошки комитет, согласно донесените одлуки на состаноците на Комитетот, навреме ги презедоа сите потребни чекори за да ги испратат своите резимиња и сите други потребни податоци. Исто така тие испратија и списоци на најновите научни изданија од областа на византологијата во СРМ. Но, за жал, иако домаќинот обезбеди бесплатно сместување во домовите на Универзитетот Џорџтаун и незнатна материјална помош за сите учесници од социјалистичките земји, од СРМ заминаа само професорите Блага Алексова, Бранко Панов и Зоја Личеновска.

Југословенските учесници на Конгресот на аеродромот во Њујорк беа лично пречекани од членот на Организациониот комитет проф. д-р Томас Метјус, кој за сето време на престојот во Вашингтон љубезно им стоеше на располагање.

XVII Меѓународен византолошки конгрес беше свечено отворен на 3 август во главната свечена сала на Универзитетот Џорџтаун од д-р Маргарет Фрејзер, претседател на Националниот византолошки комитет на САД. Покрај другите претставници од Меѓународната асоцијација на византолошките студии, Конгресот го поздрави и на учесниците им посакa... пожели успешна работа сенаторот Пол С. Сарбанс.

На Конгресот во Вашингтон централната и главна тема беше

„Кризата и континуитетот во Византија". Инаку, работата на Конгресот се одвиваше покрај на пленарните седници, на кои беа поднесени главните реферати, и во рамките на одделните секции.

Македонските учесници на Конгресот своите реферати (соопштенија) ги поднесоа во секциите, и тоа проф. Бл. Алексова под наслов: „Епископската базилика во Стоби" (секција 62); проф. Бр. Панов под наслов: „Политиката на Византија спрема македонските Словени одразена во дејноста на браќата Кирил и Методиј" (секција 13) и Зоја Личеновска под наслов: „Облеката на иконите од Охрид" (секција 25). Сите тие беа пропратени со голем интерес и дискусија.

XVII Меѓународен византолошки конгрес во Вашингтон беше пропратен и со други видови активности. Беа одржани неколку колоквиуми и округли маси, на кои беа подложени на научна разработка повеќе теми: „Византија и Словените", „Парите како извор за историјата на провинциите", „Слободното и зависно селанство" итн. Исто така домаќините организираа посета на повеќе изложби во Вашингтон, како и во Балтимор, каде учесниците на гатството на сребро во рана Вијално поставените изложби: „Бозантија" и „Византиското злато: илуминации во грчките ракописи".

Работата на XVII Меѓународен византолошки конгрес заврши на 8 август. Пред свеченото завршување на Конгресот беше одлучено наредниот, XVIII конгрес да се одржи во Москва 1991 година.

Во целина земено, учеството на македонските византолози на XVII Меѓународен византолошки конгрес во Вашингтон беше мошне забележително, како во рамките на работата на пленарните седници, секциите и округлите маси, така и надвор од нив. Своето учество на Конгресот тие го искористија да воспостават нови пријателски врски со одделните византолози, да разменат публикации, сепарати и сл. Исто така на Националната библиотека во Вашингтон беше подарена најновата тритомна публикација од Стјепан Антолјак и Бранко Панов „Средновековна Македонија", која ја издаде реномираната Скопска издавачка куќа „Мисла" во 1985 година.

**Бранко ПАНОВ**